# совет за етика во медиумите на македонија

11.06.2015г.

**ОДЛУКА**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ),по жалбата на Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ за емисијата „Јади бурек“ на ТВ Сител 3 од 25.02.2015 година.**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10,11 и 15.

Член 10.

*“Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)”.*

Член 11.

*“Новинарот ќе се придржува и на општоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија (...)”.*

Член 15.

*“Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста”*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 11.03.2015 година, Коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници поднесе жалба за емисијата „Јади бурек" на ТВ Сител 3 од 25.02.2015 година. Жалителот во жалбата наведува дека во емисијата е користен говор на омраза кон припадниците на ЛГБТИ заедницата.

Извршната канцеларија на СЕММ,во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со ТВ Сител 3 со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. ТВ Сител 3 не достави одговор на наводите на жалителот.

На седницата на 10.06.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници" и направи увид во наведената емисија. Во видео - материјалот од емисијата јасно се гледа и слуша делот кој е посочен во жалбата. Поконкретно, се јавува гледач кој вели **"...за педерите што се јавуваат треба да им се набута кол таму..."** на што **водителот одговара "Немојте, слушаат и мали деца, лоши асоцијации да не им даваме. Ај, нешто покултурно што можеш да кажеш. Не мора толку вулгарно да биде, иако јас се согласувам, би те пуштил да си кажеш се' што сакаш".**

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата го зеде предвид чл.10 ст. 2 од Европската конвенција за човекови права каде се вели дека покрај правото на слободно изразување, остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидено со закон, кои во едно

демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.

Понатаму Комисијата ја зеде во предвид и Препораката бр. R (97) 20 на Комитетот на Министри на Советот на Европа за „говор на омраза“ од 1997 година каде се истакнува дека терминот „говор на омраза“ треба да се разбере како термин кој ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована на нетолеранција, вклучувајќи и: нетолеранција изразена во форма на агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинства, мигранти и лица со имигрантско потекло.

Покрај овие нормативи Комисијата се повика и на Одлуката на Европскиот суд за човекови права за случајот Vejdeland и останатите против Шведска, жалба бр. 1813/07, пресуда од 9 февруари 2012 со која судот ја отфрли тужбата на жалителите за правото на слобода за изразување од домашните судови,со која жалителите се прогласени за виновни за дистрибуирање во средно училиште на околу 100 летоци кои според шведските судови се оценети како навредливи за хомосексуалците. Летоците содржеле информации и изјави дека хомосексуалноста е „девијантна сексуална наклонетост“, има „морално деструктивен ефект врз срцевината на општеството“ и е одговорна за развојот на ХИВ и СИДА.Судот утврди дека ваквите изјави претставуваат сериозни и штетни тврдења, дури и ако тие не биле директен повик за акти на омраза.

Исто така Комисијата при ценењето на доказите и утврдувањето на фактичката состојба ги зеде предвид содржината, намерата, односно конекстот и забранетата последица.

Во конкретниот случај, Комисијата констатираше дека водителот Јанко Илковски со намера поддржува и шири говорот на омраза кон хомосексуалците ,а во однос на контекстот на конкретното изразување дополнителен отежителен факт е што говорот на омраза доаѓа од јавна личност – новинар.

Во однос на забранетата последица , конкретниот говор на омраза покрај тоа што причинува повреди на достоинството на лицето/ата на кое/кои се однесува, исто така е и говор кој има способност да доведе до нарушување на јавниот ред и мир или насилство и тоа како моментални инциденти или пак разгорување на насилство помеѓу односните групи во општеството, така и криминал од омраза кон лицата претходно таргетирани со говорот на омраза.

***

Комисијата за жалби констатираше дека во содржината станува збор за нарушување на трите члена од Кодексот на новинарите на Македонија, односно членовите 10, 11 и 15.

Комисијата за жалби најде дека во емисијата „Јади бурек" на ТВ Сител 3 од 25.02.2015 година новинарот и медиумот го прекршиле член 10 од Кодексот на новинари, според кој новинарот нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка). Во споменатиот случај, медиумот и новинарот промовира и објавувија тврдења кои имаа за цел да шират непријателство или омраза. Обврска на новинарите и медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправда и дискриминација извршени од страна на јавни органи и институциии, од приватни претпријатија или од кој било друг. Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омраза е неспоив со новинарската етика. Медиумот и новинарот на треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза спрема некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вора, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток итн.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатата емисија, спротивно на член 11, новинарот не се придржувал на општоприфатените стандарди на пристојност и почитување на различностите во Македонија и ги крши сите точки од споменатиот член. Имено, навредување по етничка, национална, политичка, родова или сексуална припадност е дозволено само ако тоа е важно за целосно разбирање на приказната. Новинарот мора да биде свесен за етничките, културните, религиозните, сексуалните чувствителни теми и да ги третира во согласност со тоа. Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус. Јазикот на новинарите секогаш треба да биде одмерен и неутрален, наспроти оној што нуди готови заклучоци и судови и е, или се граничи, со говорот на омраза. Секогаш треба да се избегнуваат фрази кои во себе носат шовинистички, сексистички или какви било други дискриминаторски конотации. Новинарот е одговорен и за искажаното од страна на соговорниците, бидејќи преку него тие ставови добиваат јавност, затоа е должен да ги парафразира или да се огради од навредлив јазик промовирање на стереотипи или дискриминација.

Комисијата за жалби најде дека во конкретниот случај, спротивно на член 15 од Кодексот, новинарот не је негувал културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните

стандарди на публиката на која и' се обраќа. Новинарот не треба да користи непримерни и вознемирувачки содржини во својата работа.

Комисијата за жалби исто така истакнува дека меѓу најчестите непочитувања на Кодексот се случаите каде се забележуваат елементи на говор на омраза кон оние што имаат поинакви ставови, политички противници, етнички заедници или ЛГБТ заедницата, односно кога во контактни емисии на гледачите и на слушателите им се дава простор да соопштуваат радикални ставови за припадниците на другите заедници . Таквите случаи се примери за нетолеранција и поттикнување на говор на омраза кој е непримерен за професионалното новинарство.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски и Сефер Тахири.

**Се обврзува ТВ Сител 3 во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски